УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

СТУДИСКА ПРОГРАМА

# ШУМСКА ПОЛИТИКА И МЕНАЏМЕНТ ВО ШУМАРСТВОТО

Скопје, јуни 2009

## 1. Основни податоци за студиската програма

| | |
|---|---|
| **Назив на студиската програма** | **ШУМСКА ПОЛИТИКА И МЕНАЏМЕНТ ВО ШУМАРСТВОТО** |
| **Назив на предлагачот** | Шумарски факултет во Скопје - Институт за шумарство |
| **Проценка на оправданоста за воведување со оглед на потребите на пазарот на трудот во јавниот и приватниот сектор** | Ширум Европа реформите на институциите кои управуваат со државните и приватните шуми претставуваат важно прашање во шумската политика. Во земјите на централна и југоисточна Европа, институциите за управување со државните и приватните шуми се соочени со прилагодување кон новото демократско опкружување и пазарна економија, новите правни регулативи и јаките политички притисоци. Нивната одговорност во имплементацијата на програмата за одрживо стопанисување со шумите на целата територија која е покриена со шуми е дополнително нагласен факт, со оглед на тоа дека постојните државни институции кои се задолжени да управуваат со државните шуми опфаќаат и повеќе од половината од целокупната површина под шуми во овие земји. Тековните реформи во овие институции претставуваат обемни и значајни збиднувања во сите земји на Југоисточна Европа, а особено во регионот на Западен Балкан. И покрај фактот дека реформите на институциите се во различни фази, факултетите и истражувачките институции во сите земји на регионот (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора) изразија потреба од зголемување на базата на знаење и унапредување на работата на администарцијата во секторот шумарство. Преминот кон пазарната економија неминовно бара и промени во развојот на секторот шумарство во овие земји, вклучувајќи ја и државната администрација во секторот шумарство.<br>Целта на овие постдипломски магистерски студии е овозможување на секторот шумарство во РМ да даде допринос во националната економија; намалување на сиромаштијата и општествената нееднаквост; одржливоста на животната средина и културниот развој. За исполнување на оваа цел меѓународните постдипломски магистерски студии се фокусираат на зајакнување на веќе постојните капацитети за образование од областа на модерната шумска политика и економика. |
| **Поврзаност со современите научни сознанија** | |
| **Меѓународна споредливост со програми од странски универзитети** | |
| **Траење на студиите** | 1 година / 2 семестри |
| **Услови за запишување на студиите** | Основни услови: кандидатот да има завршени соодветни додипломски студии во траење од најмалку 8 семестри и освоено најмалку 240 кредити. |
| **Општи и специфични компетенции** | Дипломираните студенти на постдипломските студии од областа на шумската политика и менаџмент во шумарството, по завршувањето на студиите би требало да ги имаат следниве можности на вработување во својата земја или во странство, како во јавни, така и во приватни сектори:<br>-**креатори на шумската политика** (пр: личност задолжена за шумарска политика-политички странки);<br>-**јавна администрација во шумарството или заштита на животната средина** (пр: мегународна/европска ЕУ шумска |

| | |
|---|---|
| | политика, формулација, имплементација и мониторинг на национална програма за шумарство);<br>-**менаџмент на средно и топ ниво во државните претпријатијата кои стопанисуваат со шумите** (пр: сметководство и контрола, диверзификација на шумски производи и услуги, истражување на пазарот и маркетингот на шумски производи и услуги);<br>-**застапување на интересот од различни интересни групи** (пр: сопственици на шуми, претпријатија кои стопанисуваат со шуми, дрвноиндустриски претпријатија, институции за заштита на природата);<br>-**управување со национални паркови**, **други заштитни подрачја и урбани шуми** (пр: припрема на секторски програми, регионални планови, структурални и развојни планови);<br>-**организирање на асоцијации на приватни сопственици на шуми**;<br>-**советодавна служба за приватните сопственици на шуми**;<br>-**советнички работи** (пр: советник за управување со природни ресурси);<br>-**водење на проекти** (пр: соработка со меѓународни организации, невладини организации);<br>-**работа во приватни сектори, консалтинг, дрвна индустрија**;<br>-**научни и универзитетски работи во подрачјето на шумската политика и економика.**<br>При формирање на компетенциите се претпоставува дека дипломираните студенти најчесто ќе наоѓаат работа во јавната администрација, државните шумски претпријатија, шумарските факултети, советодавните служби, проект менаџери, во организации на приватните сопственици на шуми. |
| **Академски назив кој се стекнува со завршување на студиите** | Магистер по шумарски науки на студиската програма Шумска политика и менаџмент во шумарството |

**2. План на студиите (задолжителни и изборни предмети)**

| Р. бр. | Назив на предметна програма | Семестар | | Кредити | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Задолжителен предмет** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 2 | **Задолжителен предмет** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 3 | **Изборен предмет А** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 4 | **Изборен предмет А** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 5 | **Изборен предмет А** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 6 | **Изборен предмет Б** | | X | 6 | 3+0+0+3 |
| 7 | Магистерска работа | | X | 24 | |

**На студиите има 2 модули:**
**А – Шумска политика**
**Б – Менаџмент во шумарството**

Студиите започнуваат со 2 заеднички и задолжителни предмети за двата модула, а тоа се Квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката и Математика и статистика. По полагањето на овие два задолжителни предмети во соработка со избраниот ментор, студентот бира 4 од можни 6 изборни предмети за секој модул пооделно.

**Табела 1: Преглед на предмети по студиумот:**

| | Предмет | Наставник | Модул |
|---|---|---|---|
| 1 | Квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката | Доц. д-р Македонка Стојановска | А;Б |
| 2 | Математика и статистика | Проф. Весна Манева Ераковиќ | А;Б |
| 3 | Комуникации, преговори и односи со јавност во сектор шумарство | Доц. д-р М. Стојановска | А |
| 4 | Меѓународна шумска политика | Доц. д-р В. Андоновски | А |
| 5 | Политика на заштита на животната средина | Проф. д-р И. Блинков | А |
| 6 | Рурална социологија и социолошки прашања за управувањето со шумите | Вон. Проф. Сузана Николовска | А |
| 7 | Шумско законодавство | Проф. д-р А. Трендафилов | А |
| 8 | Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми | Доц. д-р М. Стојановска | Б |
| 9 | Пазар, индустрија и трговија со шумски производи | Доц. д-р М. Станкевиќ-Шуманска | Б |
| 10 | Економика на животна средина | Проф. д-р П. Неделковски | Б |
| 11 | Претприемаштво во шумарството | Доц. д-р М. Стојановска | Б |
| 12 | Применет проект | Проф. д-р И. Блинков | Б |

**МОДУЛ А**

**2.1. Задолжителни предмети модул А**

| Р. бр. | Назив на предметна програма | Семестар | | Кредити | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 2 | **Математика и статистика** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |

**2.2. Изборни предмети модул А: Шумска политика**

| Р. бр. | Назив на предметна програма | Семестар | | Кредити | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Комуникации, преговори и односи со јавност во сектор шумарство** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 2 | **Меѓународна шумска политика** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 3 | **Политика на заштита на животната средина** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 4 | **Политика на заштита на животната средина** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 5 | **Шумска законодавство** | IX | | | 3+0+0+3 |
| 6 | **Изборен предмет Б** | | X | 6 | 3+0+0+3 |

**МОДУЛ Б**

**2.3. Задолжителни предмети модул Б**

| Р. бр. | Назив на предметна програма | Семестар | | Кредити | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 2 | **Математика и статистика** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |

**2.4. Изборни предмети модул Б: Менаџмент во шумарството**

| Р. бр. | Назив на предметна програма | Семестар | | Кредити | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Управување со претпријатија кои стопанисуваат со шуми** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 2 | **Пазар, индустрија и трговија со шумски производи** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 3 | **Економика на животна средина** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 4 | **Претприемаштво во шумарството** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 5 | **Применет проект** | IX | | 6 | 3+0+0+3 |
| 6 | **Изборен предмет А** | | X | 6 | 3+0+0+3 |

## 3. Предметни програми

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **КВАНТИТАТИВНИ И КВАЛИТАТИВНИ МЕТОДИ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ И ЕКОНОМИКАТА** |
| **Код** | Ш2ШП101 |
| **Вид** | Задолжителен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | После завршениот курс студентите би требало да бидат способни да развијат специфичен облик на истражување поврзано за практични прашања, Вклучувајќи ги и прашањата поврзани за истражувањето и кои одговараатќна истражувањетоќна методите и техниките. Би требало да бидат способни да водат квантитативни и квалитативни студии, вклучувајќи ги и собирањето и претставувањето на податоците, како и пишување на научни извештаи. Би требало да бидат способни критички да го проценат квалитетот и веродостојноста на научните студии. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Квантитативни и квалитативни методи во општествените науки и економиката** дава вовед во методите и техниките на истражувањата кои обично се користат во економиката и во општествените науки. На тој начин се опфаќа тестирањето на хипотезите како и на методите на создавање на хипотезите. Се отсликуваат практичните вредности и ограничувања како што се парадигмите на истражувањето така и можните комбинации.<br>Низ курсот се запознаваат квантитативните истражувачки пристапи, вклучувајќи гиќи алатките како што се статистички анализи, моделирање, итн. Се надоградува основното знаење од статистика и се дава широко знаење и вештина на унапредени методи на статистичка анализа. Се воведуваат практични примени на програми за статистички анализи (на пр. Excel, SPSS).<br>Во курсот понатаму се запознаваат квалитативни истражувачки пристапи во рамките на различни парадигми, вклучувајќи ја и критичката позиција према класичните научни парадигми. Темите на предавањата вклучуваат: анализа на примерите, техники на интервјуа, истражувачки методи и различни методи на толкување (интерпретирање) кое често се користи во општествените и политичките науки вклучувајќи ги и партиципативните истражувачки методи и истражувања. |
| **Литература** | Задолжителна: Social research methods, Neuman<br>Дополнителна: Interview as a method of qualitative research, Valenzuela<br>Working effectively at the interface of forest science and forest policy interface, Guldin |
| **Методи применети во наставата** | Во рамките на практичниот дел на курсот се применуваат стекнатите вештини во мали истражувачки проекти од областа на шумска политика и економика. Во рамките на овие вежби студентите ќе развијат методолошки облици на студии, од формулирање на прашањата за истражување до методолошките облици, собирање на податоци и претставување на резултати. Ги вклучува и квалитативните и квантитативните методи. Се работи во групи, каде секоја група ќе има по една тема за истражување. Работата на студентите е постапна во текот на семестарот (чекор по чекор), вклучувајќи консултации и поддршка на предавачот. На крајот на семестарот се пишува едноставен научен извештај, а проектите се претставуваат на часовите и критички се дискутираат, на пр. во однос на план проектот и претставување на резултатите. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Испитувањето се одвива во два дела: дел кој се однесува на предавањата, писмен испит кој мора да го положи секој студент. Делот кој се однесува на семинарот, низ постапно развивање на истражувачкиот проект вклучувајќи ја конечната презентација на резултатите на час. Оценка се дава за секој аработна група во семинарот (без диференцирање на членовите на групата). Конечната оценка е комбинација од двата испити и активноста за време на предавањата. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. Д-р Македонка Стојановска |

| **Назив на предметната програма** | **МАТЕМАТИКА И СТАТИСТИКА** |
|---|---|
| **Код** | Ш2ШП102 |
| **Вид** | Задолжителен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 2 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>-основни вештини и знаења за статистика;<br>-употреба на статистиката во економиката на шумарството |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Поентата на курсот **Математика и статистика во šшумската политика и менаџмент во шумарството** е кај студентите да ги развие основнитеšвештини поврзани за математиката и статистиката, кои се потребни во основниот и во напредниот курс за шумска економика, но и за курсевите за шумска политика и други методолошки курсеви како што се "Квалитативни и квантитативни методи во општествените науки и економиката". |
| **Литература** | Задолжителна: Statistika, Blagoev<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Покрај редовното присуство на часовите, на студентите им се овозможува матерјал за читање (учење) пред, и за време на курсот. За време на часовите ќе се користат разни методи на учење, како на пр.: презентации на студенти врз основа на прочитаните матерјали; групни дискусии; работа во групи и сл. На вежбите студентите ќе имаат и пресметковни вежби. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Писмен испит на крајот на курсот заснован на математички и статистички задачи и концепти. Успешно завршените пресметковни вежби се услов за успешно комплетирање на курсот. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Проф. д-р Весна Манева Ераковиќ |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **КОМУНИКАЦИИ, ПРЕГОВОРИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ВО СЕКТОРОТ ШУМАРСТВО** |
| **Код** | Ш2ШП201 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>-комуникации;<br>-преговори и односи со јавноста. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Комуникација, преговарање и односи со јавност во секторот шумарство** воведува во основните концепти кои се користат во професионалната комуникација и кои се користат во конкретни проблеми во секторотšшумарство. Особено се посветува внимание на процесот на преговарање и на односот со јавноста.<br>На курсот се претставуваат дефиниците и концептите на "комуникација". Комуникацијата се анализира со интердисциплинарен аспект на општествените науки. Се дискутираат влијанијата на социјалната психологија во комуникацијата. На курсот се обработуваат и групните комуникации како и теоријата на односот со јавноста.<br>Се презентираат следните елементи: принципите на комуникација, правила на говор, вербални и невербални комуникациони способности, основни правила на современите односи со јавноста, целни групи, интерни и екстерни работи на односите со јавноста, инструменти на односот со јавноста (ПР-величини), препораки за односи со новинарите, разбирање на односот со јавноста. Овие концепти во комуникацијита се применуваат во управувањето со шумите, шумската политика, јавното мислење за шумарството и промоцијата на користењето на дрвјата.<br>Преговарање и развој на комуникациски стратегии се вежбааат на практичниот дел на курсот. |
| **Литература** | Задолжителна: Моќ на говорот, Брајан Трејси<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | На семинарите студентите ги вежбаат стратегиите на преговарање и развивање на комуникациониот концепт за посебни приватни или јавни учесници од областа на шумарството и сличните сектори, вклучувајќи ја и Владата на разни нивоа, заинтересирани групи или други институционални актери, како и претпријатија и НВО од секторот на дрвната индустрија, рекреација, заштита на природата и сл.<br>Од студентите ќе се бара на почетокот на курсот да изведат презентација врз основа на литературата за комуникација, преговори и односи со јавноста, која им е обезбедена од страна на предавачот, исто така за време на курсот ќе имаат работа во група практицирајќи ги овие вештини. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Студентите се оценуваат врз основа на презентациите и активноста на часовите |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. д-р Македонка Стојановска |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **МЕЃУНАРОДНА ШУМСКА ПОЛИТИКА** |
| **Код** | Ш2ШП202 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите би требало да добијат šшироки знаења за шумските политички структури и процеси на супра- и меѓународно ниво. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Меѓународна шумска политика** се бави со шумски политички структури и процеси како и со стратегии и програми на интернационално ниво кои се релевантни за земјите од Југоисточна Европа. Курсот дава увид во акспектите našшумската политика во Европската Унија, како и на глобално ниво.<br>Темите кои ги покрива курсот се следни: политика и политички аспекти во врска со критериумите и индикаторите на одржливо управување со шумите; политички процеси и инструменти за сертификација на šшумски производи; одржливо управување со шумите; прашањето на глобалните шумски конвенции и останатите политички средства за спроведување на одржливо управување со шумите на глобално ниво (принципи на управување со шумите, предлози за акција, итн); европска стратегија за шуми и стратегија за биолошки диверзитет и диверзитет на пределите; паневропска министерска конференција за заштита на шумите; национални програми за шуми; структурални фондови на европската унија и фондови за руралнен развој. |
| **Литература** | Задолжителна: Шумска политика, Макс Крот<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Во тек на припремната фаза, како и за време на супервизијата студентите се водени од е-леарнинг модел на учење. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Студентите се оценуваат врз основа на семинарската работа и активноста на часовите. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. Д-р Влатко Андоновски |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ПОЛИТИКА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** |
| **Код** | Ш2ШП203 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>-да стекнат добро знаење за политиката на животната средина на различни административни нивоа<br>- да ги разберат конфликтите и политичките процеси. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот за **Политика за заштита на животната средина** се бави со аспектите за заштита на природата кои се блиски на шумарството и политиката за одржливо управување со природните ресурси, вклучувајќи ги и јавната политика, разните учесници на полето на донесувањето на одлуки и механизми врзани за пазарите. Курсот е базиран на социолошки проучувања, јавната администрација, како и политичките науки, и разните полиња на економијата.<br>Курсот ја вуклучува и економијата за чување на природата и понатаму се бави со практични управувања на заштитените области и со имплементацијно политички инструменти на различни административни нивоа. Посебен фокус се става на економијата и управувањето со непрофитабилни организации, со обраќање на групи на заинтересирани за чување на природната средина или администрација на заштитени области.<br>Курсот понатаму вуклучува прашања кои се бават со урбано шумарство. Се анализира улогата на шумите и на дрвата во градовите и надвор од нив, како и нивната улога во урбаните средини. Се дискутира за влијанијата на управувањето со зелени површини во градовите (парковите, дрвјата) како и шумите кои им припаѓаат на општините или на заедниците или пак шумите близу големите градски области или туристички региони.<br>Во делот на курсот кој го сочинува семинар, се анализираат основните концепти и алати за процена на резултатите и ефективностите на политиката на одржување на животната средина и се применуваат во примери. |
| **Литература** | Задолжителна: Public policy, Moran<br>The global environment: Institutions, Law and policy, Axelrad<br>Governance, politics and state, Pierre |
| **Методи применети во наставата** | Курсот претставува комбинација на предавања и семинари. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Испитувањето се базира на основа на залагањата на часот, презентациите на студентите, Оцена на курсот се дава на основа на презентацијата и работата на студентот, Крајниот испит, и нивното залагање на часот. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Проф. д-р Иван Блинков |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **РУРАЛНА СОЦИОЛОГИЈА И СОЦИОЛОШКИ ПРАШАЊА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ШУМИТЕ** |
| **Код** | Ш2ШП204 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите би требало да ги разберат социолошките концепти на руралната социологија. Тие исто така би требало да ги уочуваат социјалните аспекти кои се релевантни за управување со шумите, со нагласок на методите и пристапите на руралниот развој. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Рурална социологија и социолошки прашања при управување со шумите** ги запознава студентите со основните концепти на социологијата и руралните социолошки студии и останатите социолошки аспекти кои се релевантни во управувањето со шумите како и социологија на природното окружување и социологија на технологијата. Курсот се бави со карактеристиките našнашето општество (земјоделско спроти индустриско спроти трето или информациско општество) и типичните општествени конфликти (улога на работата и капиталот во општеството, улогата на полот, улогата на природната средина, улогата на технологијата, итн)<br>Курсот ќе содржи методи и техники за преглед на руралната ситуација.<br>Низ социолошките студии за природното окружување, ќе се дискутира за вредностите и односот према природната околина. Тема на овој курс се антропоцентричните спроти биоцентричните вредности, концепти Нова парадигма на природното окружување и концептот на пост-материјализмот. Од полето на технолошките науки, курсот ги запознава студентите со општествената конструкција на технологијата и општествените студии на ризик.<br>Во делот на курсот во форма на семинар, студентите имаат могжност подетално да го проучуваат одабраното поле кое ги интересира (семинарски трудови). |
| **Литература** | Задолжителна:<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Студентите би требало да ги разберат социолошките концепти на руралната социологија. Тие исто така би требало да ги уочуваат социјалните аспекти кои се релевантни за управување со шумите, со нагласок на методите и пристапите на руралниот развој. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Студентите се оценуваат врз основа на семинарската работа и активноста на часовите |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Вон. Проф. Сузана Николовска |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ШУМСКО ЗАКОНОДАВСТВО** |
| **Код** | Ш2ШП205 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>- за теоријата на законите проширување на<br>- знаењето за законодавството од областа našшумарството |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Шумско законодавство** покрива поле од законодавството кое е релевантно за управување со шумите и трговија на шумските производи. Се претставуваат националната, меѓународната како и полето на законодавствота на ЕУ. Релевантните полиња се: šшумарството и управувањето со шумите, дивечотč и ловството, водостопанството, природните ризици, индустријата сродна на шумарството, националната и меѓународната трговија со дрво, трговија со останатиšшумски производи, прописи од осталите сродни сектори како šшто е рекреативниот сектор, заштита на природата и заштита на животната средина. Курсот опфаќа и историја на регулирање на шумските ресурси, како и компаративна анализа на законодавството во земјите на Југоисточна Европа и западно европските земји. На курсот исто така се допираат теми од уставни аспекти на државите, аспекти на правата режимско сопственииштво, како и прашања од илегално работење во јавната администрација, најмногу на полето на управување со шумите и трговија со дрва. |
| **Литература** | Задолжителна:<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Курсот претставува комбинација на предавања и семинари. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Конечна оценка се дава врз основа на писмен или усмен испит, семинарска работа и активност за време на наставата. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Проф. д-р Александар Трендафилов |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СТОПАНИСУВААТ СО ШУМИ** |
| **Код** | Ш2ШП206 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите би требало да стекнат добро знаење за управување со државните и приватните претпријатија. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Курсот **Управување со шумските предпријатија** изграден е на основите на курсот Управувачка економика во šшумарството и останатите економски курсеви од наставниот план и го продлабочуваат знаењето за типичните прашања од управување со компании во секторот šшумарство. Курсот покрива разнолики аспекти и вклучува и организациона економија и економика на управување. Курсот презентира концепт оутсоурцинг и нефиксирани договори и прашања на претприемачот во шумарството. Курсот се бави и со проблемот на мултифункционалното шумарство, диверзификацијата на шумските претпријатијаćа и со портфолио менаџмент. Се покрива и темата на иновациониот менаџмент и транзициониот менаџмент во рамките на шумските претпријатија. Курсот понатаму се бави со логистички прашања од гледна точка на менаџментот како и примена на модерни информациски и комуникациски технологии во шумските претпријатија. |
| **Литература** | Задолжителна: Претприемаштво во шумарството и дрвната индустрија, Шмитхузен<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Курсот претставува комбинација на предавања и семинари. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Конечна оценка се дава врз основа на писмен или усмен испит, семинарска работа и активност за време на наставата. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. д-р Македонка Стојановска |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ПАЗАР, ИНДУСТРИЈА И ТРГОВИЈА** |
| **Код** | Ш2ШП207 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>- да го разбираат начинот на функционирање на пазарот со дрва<br>- да стекнат знаење од пазарот на производи од дрво<br>- да тргуваат со дрво на меѓународен пазар. |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Цел на курсот **Пазар, индустрија и трговја со шумски производи** е да се пружи разбирање на функционирањето на пазарот со шумски производи како и нвната големина и досегашниот развој. Курсот пружа основно знаење за пазарите за шумски производа и за тоа како се тргува со нив на меѓународни пазари. Се почнува од основните законски поими, дека дефиницијата на квалитетот на обработено и необработено дрво, договори за продажба и аспекти кои се однесуваат на транспортот. |
| **Литература** | Задолжителна:<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Курсот претставува комбинација на предавања и семинари. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Испитувањето се базира на основа на залагањата на часот, презентациите на студентите, Оцена на курсот се дава на основа на презентацијата и работата на студентот, Крајниот испит, и нивното залагање на часот. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. д-р Мира Станкевиќ-Шуманска |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ЕКОНОМИКА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** |
| **Код** | Ш2ШП208 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе добијат знаење и вештини за:<br>-релациите помеѓу економијата и животната средина<br>-причини за деградација на животната средина<br>-економски мерки за контрола на квалитетот на животната средина<br>-економиката на животна средина во пракса |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Цел на курсот Економика на животната средина е на студентите да им даде основни познавања од областа на заштитата на животната средина и  економските мерки кои треба да се преземета со цел нејзина заштита. Посебен осврт ќе се даде на причините за нејзина деградација, односно развојот на науката и техниката од една и јавната свест за заштитата од друга страна. |
| **Литература** | Задолжителна: Економика на животна средина, Турнер<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Курсот се состои од предавања и семинари. |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Конечна оценка се дава врз основа на писмен или усмен испит, семинарска работа и активност за време на наставата. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Проф. д-р Пеце Недановски |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ПРЕТПРИЕМАШТВО ВО ШУМАРСТВОТО** |
| **Код** | Ш2ШП209 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе се здобијат со знаење за: развој на мали и средни претпријатија од обласата на шумарството |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Со содржината на курсот ќе бидат опфатени претпријатаијата како стопански субјекти, нивните структурни карактеристики, потоа претпријатија кои можат да вршат усуги на шумарството, нивна големина и локација, како и хоризонталната и вертикалната кооперација |
| **Литература** | Задолжителна:<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Предавања и семинари, со изработка на семинарска работа |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Писмен испит, семинарска работа и активност на предавања. |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Доц. д-р Македонка Стојановска |

| | |
|---|---|
| **Назив на предметната програма** | **ПРИМЕНЕТ ПРОЕКТ** |
| **Код** | Ш2ШП210 |
| **Вид** | Изборен |
| **Семестар** | IX |
| **Број на кредити** | 6 |
| **Фонд на часови** | Контакт часови: 3 (45 во семестар)<br>Самостојна работа: 3 (45 во семестар) |
| **Цели (компетенции)** | Студентите ќе се здобијат со знаење за изработка на предлог проект и примена практични знаења и конкретни методи |
| **Предуслови** | |
| **Кратка содржина** | Идејата на курсот **Применет Проект** е студентот да направи практичен проект за некој од партнерите. Студентот ја изведува практичната работа за шумското претпријатие или за претпријатието од шумарскиот сектор, заинтересираните групи, организацијата за проширени услуги, владините агенции или некои други институции од полето на шумарството во поширока смисла.<br>Во текот на семестарот, студентите си помагаат еден на друг во потрагата за партнер, во примена како и во развојот на практичниот проект кој ќе се спроведе за партнерското претпријатие или пак институција. Студентот добива помош во стекнувањето на корисни вештини како менаџер на проект и на се останато што му е потребно за изработката на проектот. Студентот ќе работи со партнер и ќе добие прилика да се запознае со секојдневната работа во таа организација. Малку од времето на практичниот проект е посветено на планираниот проект за кој се пишува краток извештај. Применетиот проект мора да биде од взаемна корист и за партнерот и за студентот. Идеално би било студентот да изработи ограничен проект за партнерот во кој на пример се извршува теренско истражување, процена на инвестициите, евалуација на изводливоста на иновациите, пратење на воведувањето на нов процес, замисла за некоја специфична кампања за организација на проширени услуги и сл.<br>Практичната работа понатаму може да биде искористена како основа за магистерскиот труд. |
| **Литература** | Задолжителна:<br>Дополнителна: |
| **Методи применети во наставата** | Семинар со изработка на семинарска работа - извештај |
| **Методи на оценување и проверка на знаење** | Оценката се дава врз основа на извештајот на студентот |
| **Име на наставникот-реализатор на наставата** | Проф. д-р Иван Блинков |